**Македонски Телеком АД - Скопје**

Во согласност со Законот за трговски друштва, Статутот на Македонски Телеком АД – Скопје (Друштвото), Предлогот на Одборот на директори за исплата на дивиденда на Друштвото за 2014 година и утврдување на дивиденден календар (арх. бр. 56947/1 од 12.03.2015 година) и Одлуката на Собранието за распоредување на нето добивката на Друштвото за 2014 година (арх. бр. _____________ од 15.04.2015 година), Собранието на Друштвото, на својата годишна седница одржана на ден 15.04.2015 година, ја донесе следната:

# Предлог Одлука
## за исплата на дивиденда на Друштвото за 2014 година и утврдување на дивиденден календар

**Член 1**

Собранието на Друштвото ја одобрува исплатата на дивиденда за 2014 година во вкупен бруто износ од 2.262.857.170,00 денари (две милијарди двеста шеесет и два милиони осумстотини педесет и седум илјади и сто седумдесет денари), кој е целокупен износ од остварената нето добивка на Друштвото за 2014 година.
Бруто износот на дивиденда по акција е 26.234533821 денари (дваесет и шест денари и дваесет и три дени, заокружено на две децимали).

Друштвото, од бруто износот на дивиденда, каде што е применливо, при исплатата ќе ги задржи и уплати сите даноци, согласно важечката даночна регулатива во Република Македонија на датумот на исплата.

**Член 2**

Датумот на пресек на акционерска книга според кој се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденда за 2014 година е 04.05.2015 година.

**Член 3**

Последен ден на тргување со право на дивиденда за 2014 година е 28.04.2015 година.

**Член 4**

Прв ден на тргување без право на дивиденда за 2014 година е 29.04.2015 година.

**Член 5**

Исплатата на дивиденда за 2014 година ќе се изврши во периодот помеѓу 18.05.2015 и 29.05.2015 година.

**Член 6**

Друштвото ќе ги информира акционерите во врска со деталите поврзани со исплатата на дивиденда, со соодветно известување во најмалку еден дневен весник кој излегува на целата територија на Република Македонија, на интернет страницата на Македонската берза на хартии од вредност како и на официјалната интернет страница на Друштвото.

**Член 7**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Собрание**

**Претседавач**